ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 1 ДАТА 13.01.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 1 ДАТА 13.01.2017 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ПРИ ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ
**Седница одржана на ден 04.01.2017 година**

- **Пререгистрација на фудбалери:**

**ФК „ЕУРОМИЛК АД ГЛ„ Скопје:** Недески Зоран, Николовски Лоренцо, Един Скендеровиќ, Спиркоски Благоја, Ристески Никола, Малов Ѓорѓи, Боцевски Слободан и Муслиу Нуредин, по член 40.

**Забелешка:** Фудбалеритре на ФК „Евромилк АД ГЛ„ Скопје Рисгтески Никола, Малов Ѓорѓи, Боцевски Слободан и Муслиу Нуредин се пререгистрирани по член 40 но немаат право на настап бидејќи не ги исполнуваат условите од член 7 од Упатството за пререгистрација на фудбалери.

**ФК „ССК НОВА„ Скопје:** Ѓорѓиевски Марко, Јанков Никола, Ала Арман, Арсовски Благоја, Атанасов Никола, Бакијов Емир, Бакијов Ермин, Билбиловски Томислав, Блажевски Андреј, Богоевски Роберт, Валканов Дејан, Велкоски Тони, Вејсели Бесар, Влаховиќ Ненад, Даневски Даркио, Даути Малик, Димовски Сашо, Димовски Кристијан, Доневски Кристија, Здравевски Стефан, Зијаде Бартон, Илиќ Горан, Исмани Расим, Каранфиловски Кристијан, Качапор Един, Кечовски Велче, Коловскки Зоран, Милевски Стојанче, Михајлов Петар, Наковски Ристе, Наумовски Дарко, Нухи Хамза, Петрески Филикоп, Петров Филип, Рунтев Дарко, Рушидовски Ценгис, Сали Седат, Смаиловски Дејан, Смилковски Владимир, Соколовски Блаже, Стојановски Димитар, Стојановски Бране, Стојковски Дарио, Стојчевски Никола, Тантуровски Дејан, Трајковски Љупчо, Трифуновски Христијан, Тулов Филип, Цами Арјан, Цветановски Симон, Шаботиќ Шенол, Шакири Елхам, по член 40.

**ФК „ССК МЛАДИНЕЦ„ Скопје:** Ангеловски Даниел, Бакиовски Јасин, Блажевски Мартин, Блажевски Филип, Зиков Дејан, Имеровски Мухамедин, Исмаилоски Ферди, Кадри Риад, Каранфиловски Никола, Кировски Никола, Китанов Марио, Костовски Мартин, Мемеди Аммар, Миланов Кристијан, Михаљовски Стојан, Османи Јусуф, Павлески Дарко, Павловскки Петар, Продановски Ивица, Сали Ибраим, Сољановкси Јордан, Смиљковски Филип, Србиноски Марјан, Франгоски Благоја, Франгоски Игор, Христов Васе, Шабани Зејди, Шабани Хусеин, по член 40.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ
**Седница од 04.01.2017 година**

- **Пререгистрација на фудбалери:**

**ФК „ШКУПИ 1927 АД„ Скопје:** Јакупи Мамер, Јаневски Филип, Јасшар Амир, Јашари Омер, Јашари Шенол, Јонузи Нухи, Јонузи Дин, Јонус Рушту, Јусуфи Фати, Љамалари Ведат, Љамалари Амир, Љика Мусли, Љутви Вулнет, Љутви Онур, Абази Анид, Абази Аган, Абдурамани Бетим, Авди Мефаил, Авдиу Арбен, Агушевски Берка, Адем Ермедин, Адеми Рон, Адеми Мухамед, Адили Цихан, Адили Мевлан, Аземи Артан, Азири Музафер, Акија Аљбан, Али Газменд, Алиоу Бадара Траоре, Алити Бесар, Алити Бурим, Амати Аљмир, Амети Ружди, Арифи Фатмир, Асани Нуман, Асани Бујамин, Асани Еммир, Ајдари Фљакрон, Ајети Емијр, Ајрули Махир, Аљиу Јусуф, Бафќари Мехмед, Бајрами Мухарем, Бајрами Харбин, Бајрами Донарт, Бериша Агрон, Биљал Ќемран, Буши Јахи, Вели Суад, Весели Баки, Вукељ Амар, Гаши Арменд, Глигоров Филип, Дарлишта Мухејдин, Даути Елез, Даци Ерблин, Демири Ертан, Демири Сеад, Демири Хусеин, Демири Бесар, Зендели Сејдиахмет, Зендели Суат, Зејнулахи Фисник, Зеќири Баки, Зубер Аган, Ибиши Арменд, Ибраими Љатиф, Ибрахими Берин, Ибрахинми Хасиб, Идризи Лирим, Идризи Мемет, Идризи Ријад,

Имери Висар, Исаку Линор, Исеини Нуредин, Исеини Биљаљ, Исеини Бесар, Исеини Суад, Исеини Фаредин, Исмаиљи Сулејман, Истреви Агон, Исљам Амар, Иљази Бујар, Кадриу Флоријан, Какруки Шкељзен, Калиси Бесарт, Касами Омер, Красничи Бесар, Курти Куштрим, Курти Ахмед, Лазаревски Димитрија, Лмани Сефер, Максуди Ирфан, Малиќи Едис, Мамуи Џавид, Мамури Хасан, Мандак Хамид, Маџароски Марјан, Мемедовски Јасир, Мјивтари Орхан, Мурати Фисник, Муслиу Фисник, Мустафа Блерим, Мустафи Гезим, Мустафовски Бурак, Мухарем Сухјљ, Мучма ЕРнијс, Муше Јасин, Незири Сеад, Османи Флорент, Османи Аљаідин, Османовскки Адис, Полику Осман, Рамадани Јакуп, Рамадани Хамза, Рамадани Мердиан, Рамадани Бесир, Рамадани Бехар, Рамани Хамза, Рахман Мелик, Рахмани Арбен, Река Хамди, Реџепи Енис, Буњаку Иилир, Авдулаи Бејтула, Реџепи Мијраџ,Реџепи Иљир, Салихаси Љавдрим, Селими Јон, Селмани Реџеп, Селмани Шабан, Сефо Алтин, Сефо Агон, Сејди Ерден, Сејфула Исљам, Синани Елвудин, Сопа АСдем, Сулејман Есер, Сума Кренар, Таири Бехар, Герати Бесник, Феруки Риза, Фајзула Бурак, Фејзула Недим, Хамзи Мухамед, Хасан Сумјер, Хасани Еркан, Хајдари Бујар, Хоџа Бљерон, Цури Ружди, Цури Аљдин, Бахриу Брикен, Цури Заим, Чајани Шеваљ, Ченгиќ Фахрудин, Шабани Самјир, Шабани Абвдусамед, Шаип Еркан, Шакири Адван, Шерифи Артан, по член 40.

**Забелешка:** Фудбалерите на ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, Буњаку Илир, Бахриу Брикен, Авдулаи Бејтула, се пререгистрирани по член 40, но немаат право на настап бидејќи не ги исполнуваат условите од член 7 од Упатството за пререгистрација на фудбалери.

**ФК „ШИШЕВО„ с. Шишево:** Јованов Дарко, Јусуфи Бесир, Амети Газменд, Андонов Александар, Андов Мартин, Арсовски Мартин, Арсовски Филип, Бошковски Оливер, Бошковски Стефан, Дучески Гоце, Зашев Дејан, Зефиќ Антонио, Илиевски Дуле, Илиќ Драган, Камбери Миљаим, Кицевски Ацо, Кицевски Бојан, Кицевски Алатко, Миновски Милорад, Мифтари Бурим, Николовскки Тони,

**Забелешка:** Фудбалерите на ФК „Шишево„ од с. Шишево, Јован Димовски, Иле Димовски, Христијан, Илиевски, Даниел Николовски се пререгистрирани по член 40, но немаат право н а настап бидејќи не ги исполнуваат условите од член 7 од Упатството за пререгистрација на фудбалери.

**ФК „БРАТСТВО„ с. Љуботен:** Бабачки Асад, Бабачки Адис, Бабачки Ервин, Бегановиќ Емир, Бегановиќ Елмир, Личина Елдин, Прентиќ Асмир, Прентич Јасмин, Прентиќ Адмир, Растодер Емил, Хадировиќ Сенад, Хасиќ Един, Хасиќ Денис, Хасиќ Ценан, Шаботиќ Ценис, Шаботиќ Денис, Шаботиќ Мерис, Шкриељ Дамир, Шкријељ Јаснмин, Шкријељ Санел, по член 40.

**ФК „БЕШИКТАШ ЧАИР„ Скопје:** Љама Алдин, Љусјани Едон, Асан Ерсан, Дељиу Астрит, Ибраими Амар, Идризи Алмир, Мехмед Ахмед, Мемеди Јасин, Мемедовски Аљи, Мустафа Амар, Нухију Хамза, Фуга Усејд, Шабани Нуман, по чл. 40.

## ОПШТИНСКИ ФУДАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 04.01.2017 година**

- **Пререгистрација на фудбалери:**

**ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип:** Петров К. Томица, по член 40.

**Седница од 12.01.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

**КМФ „МАЛ АЈАКС„ Штип:** Горгиев М. Христијан, по член 35/1.

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 10-784/7
14.10.2016 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Мите Левков - претседател, Арбен Борова – член, Синиша Стојчевски -член, постапувајќи по жалбата на Мехмет Абдиу поднесена против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ број 0801-784/6-2 од 21.07.2016 година врз основа на член 145 став 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 12.10.2016 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**1**. Жалбата бр. 10-1190/1 од 29.07.2016 година поднесена од Мехмет Абдиу од Тетово, **се одбива** како неоснована.

**2**. **Се потврдува** одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-784/6-2 од 21.07.2016 година со која на Мехмет Абдиу – член на Управен одбор на ФФМ му се изрекува казна – ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈА во траење од 1 година и 6 месеци, поради физички напад на функционер на фудбалска организација.

**3.** Казната тече од денот на донесување на првостепената одлуката.

**4**. Одлуката е конечна.

**5**. Одлуката да се објави во стручно-информативниот билтен на ФФМ „Макфудбал".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Мехмет Абдиу од Тетово, незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-784/6-2 од 21.07.2016 година во предвидениот рок поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата врз основа на мислењето на Дисциплинската комисија на ФФМ утврди дека жалбата е благовремена, формално уредна и изјавена од овластено лице односно од полномошникот на жалителот. Првостепениот орган го задолжил жалителот да ја уплати предвидената такса за жалба. Жалителот на 15.08.2016 година ја уплатил предвидената такса за жалба по што Комисијата утврдила дека жалбеното барање е уредно таксирано.

Во жалбените наводи жалителот се повикува на суштествена повреда на одредбите на постапката и погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба.

Во жалбените наводи жалителот наведува дека:

- Жалбата не содржи правна поука која би ги упатила странките во постапката на органот и правното средство кое им стои на располагање

-дека одлуката е нејасна и противречна , на пријавениот му се изрекува казна а не е одлучено дали тој е виновен или не за прекршокот кој му

се става на товар односно не е утврдено постоење на вина и нејасна бидејќи не е наведено на која функција се однесува забраната.

- Било повредено правото на одбрана согласно член 5 од ДП на ФФМ и не е запазена процедурата и постапката предвидена со член 125 став 1 од ДП на ФФМ, дека жалителот не бил повикан и сослушан, како органот би можел да одлучи за покренување на постапката и за тоа да донесе формална одлука (03.06.2016 година) . Жалителот смета дека сите превземени дејствија пред писмено изготвување на одлуката (за поведување на дисциплинска постапка од 03.06.16) се нелегитимни и сослушаните сведоци и нивните изјави немаат значење за новата постапка која се водела по новодонесената одлука (од 06.07.2016). Истотака жалителот наведува дека по одлуката за поведување на постапка од 06.07.2016 година немал време да се произнесе бидејќи последниот трет ден од рокот за произнесување паднал во сабота која според него е неработен ден и требал да се продолжи за уште еден работен ден односно понеделник 18.07.2016 година кога првостепениот орган закажал одржување на седница за што полномошникот на жалителот ставил приговор кој му бил одбиен. Со одбивањето на приговорот смета дека биле повредени одредби од македонското позитивно законодавство( ЗКП, ЗПП и ЗОУП), одредби на Дисциплинските правилници на ФИФА( член 90) и УЕФА(член 34 и 35). Смета дека и покрај тоа што истиот е сослушан на седница на Комисијата од 19.07.2016 година дека сепак му е повредено правото на одбрана со фактот дека Комисијата имала закажано седница и на 18.07.2016 година, за која смета дека била преуранета со што се повредени одредби на постапката.

- Не била дадена правна квалификација на прекршокот за кој се товари пријавениот. Квалификацијата била општа , односно дека се товари за физички напад без да се наведе на која одредба од Дисциплинскиот правилник се однесува со оглед на фактот дека има пет одредби кои имаат различни кавлификации на прекршокот физички напад. Смета дека со ваквиот начин на постапување му е оневозможено да се произнесе за делото за кое го товарат што е уште една повреда на постапката. За истото неговиот полномошник вложил приговор кој му бил одбиен без образложение. Смета дека правото на одбрана се прекршува и кога роковите за негово сослушување се наметнати на начин на кој нема доволно време за подготовка на одбрана.

Во врска со овој навод жалителот заклучува дека светото право на одбрана, не е свето и не се почитува само од Дисциплинската комисија на ФФМ.

- Постапката била поведена од неовластено лице. За истото полномошникот вложил приговор кој му бил одбиен на седница на Комисијата со образложение дадено од трети лица кои не се членови на Комисијата. Во одлуката на првостепениот орган не било дадено образложение по овој приговор кој се однесува на тоа дкеа подносителот на пријавата не влегува во ниту една категорија на лица

по член 121 од ДП на ФФМ овластени за поднесување на пријава повикувајќи се на начелото „ in dubio pro reo" предвидено со одредбите на член 4 од ЗКП на РМ а предвидено и во член 2 од ЗП каде стои „ за сомневањето на постоење или непостоење на фактите што го чинат обележјето на кривичното дело или од кои зависи примената ,судот ќе одлучи на начин поповолен за обвинетиот. Поради наведеното жалителот смета дека пријавата требала да биде отфрлена како поднесена од неовластено лице.

- Во текот на постапката бил истакнат приговор за присуство на лица кои не се членови на комисијата а кои одлучуваат наместо и во име на комисијата. Смета дека лицето посочено како експерт по вокација адвокат, лично ги носел одлуките и ги диктирал на записничарот што е спротивно на член 116 од ДП на ФФМ и член 62 од Статутот на ФФМ. Со одбивање на овој приговор смета дека се повредени одредбите на ДП на УЕФА (17, 23 и 34) како и одредбите на ДП на ФИФА (76-78). Смета дека лицата повикани како експерти не треба да ги заменуваат членовите на Комисијата туку пасивно да ја следат работата на Комисијата.
- Повреда на начелото на економичност. Во текот на постапката било поднесено барање за спојување на постапка кое било одбиено. Барањето се однесувало на спојување на постапката која била во тек против жалителот и постапка која жалителот ја покренал против пријавувачот. Смета дека образложението за одбивање на спојување поради тоа што Комисијата предметите ги прима од Генералниот секретаријат а не на рака е изговор да не се постапува. Пријавата доставена до Комисијата била копија од поднесокот даден во архива.
- Во одлуката нема причини за решителни факти односно нема образложение за истакнатите процесни приговори како и за решителни факти зошто се одлучиле да го казнат кога не го огласиле за виновен.
- Погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба. Одлуката се заснова на искази на сведоци. Изјавите биле земени пред 06.07.2016 и истите не биле повторно сослушани, како такви се неупотребливи за заснование на одлука.
- Ниту еден од сведоците со сигурност не потврдил дека жалителот го удрил или имал физички контакт со пријавителот при тоа повикувајќи се и анализирајќи ги изјавите на Азис Зибери, Дашмир Беари, Аднан Идризи, Арџент Беќири, Нусрет Бегановиќ, Љиман Сулејмани.

За изјавите на Арџент Бекири и Нусрет Бегановиќ смета дека не можеле да се користат при носење на одлуката од причина што биле дадени по донесената одлука за покренување на дисциплинска постапка од 03.06.2016 година а не по донесената од 06.07.2016 год.

Смета дека Комисијата во одлуката тргнала од тоа дека жалителот не успеал да докаже дека не е крив, а би требало да е обратно и да важи презумпцијата на невиност.

Смета дека Комисијата при одлучување го немала во предвид однесувањето при соочувањето помеѓу сега жалителот и пријавителот како и дека немало писмен доказ, медицински извештај за настанати белези, промени на лицето и телото на пријавителот па смета дека не е

можно некој да е физички нападнат, истепан а да нема нарушување на меките ткива и кожата на местата каде што е дејствувано со сила.
Смета дека физички напад немало и дека истиот е измислен со цел да се наштети на угледот на жалителот.
Комисијата по разгледување на жалбените наводи и материјалните докази користени во првостепената постапка меѓу кои:
- пријава за покренување на дисципинска постапка бр. 0302-772/1 од 23.05.2016 година со прилог изјава од Мухамед Сејдини,
- одлука за покренување на дисципинска постапка од 03.06.2016
- писмени изјави од Енвер Сулејмани и Арџент Бекири, од 06.06.2016 г.
- поднесок од Мехмет Абдиу бр.08-837/1од 06.06.2016 година со прилози:
писмена изјава од Мехмет Абдиу,
писмена изјава од Љиман Сулејмани,
писмена изјава од Дашмир Беари,
писмена изјава од Аднан Идризи,
- изјави дадени на записник од 07.07.2016 и 19.07.2016:
Мухамед Сејдини, Мехмет Абдиу, Нусрет Бегановиќ, вработен во СГС обезбедување, Енвер Сулејмани, Арѓент Беќири, Дашмир Беари, Аднан Идризи, Азиз Зилбери,
- записници од одржани седници на Комисијата од 03.06.2016; 27.06.2016; 01.07.2016; 06.07.2016; 07.07.2016; 13.07.2016; 18.07.2016; 19.07.2016; 21.07.2016г.
- поднесок од полномошникот на пријавениот даден на седница на комисијата одржана на ден 19.07.2016,
ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на КУП натпреварувањето на ФФМ на 16.05.2016 година на Арена Филип Втори во Скопје, бил закажан финалниот КУП натпревар помеѓу екипите на ФК Шкендија од Тетово и ФК Работнички од Скопје со почеток во 20 часот.
Во периодот пред да започне натпреварот на Арена Филип Втори во Скопје, Муамед Сејдини(пријавителот) во придружба на Енвер Сулејмани се наоѓал во ходникот кој води од лифтот кон излезот за северна трибина кон ВИП ложата. Просторот каде што се наоѓал пријавителот бил непосредно пред ВИП ресторанот. Во близина на излезот кон северна трибина се наоѓал сведокот Нусрет Бегановиќ - лице од обезбедувањето додека од спротивната страна на Мухамед Сејдини се наоѓал сведокот Арџент Бекири.
Кога пријавителот забележал дека се приближува Мехмет Абдиу во придружба на Љиман Сулејмани и уште едно неидентификувано лице, исчекорил и му се обратил на Мехмет Абдиу со зборовите: „зошто не се поздравуваш". По ова Мехмет Абдиу со наведените лица во придружба тргнал накај него и започнал вербална расправа која се одвивала на албански јазик, за време на расправата Мехмет Абдиу во придружба на наведените лица се приближил до Муамед Сејдини, замавнал и го удрил Муамед Сејдини во пределот на лицето. Во тој момент Енвер Сулејмани застанал помеѓу Муамед Сејдини и Мехмет Абдиу, а

неидентификуваното лице со нога го удрило Муамед Сејдини во пределот на половината. Лицето од обезбедувањето сведочи дека го видел приближувањето кон нападнатото лице од страна на Мехмет Абдиу и лицата кои му биле во придружба. Кое лице нападнало не видел но согласно дадената ситуација интервенирал и го повлекол наназад Мехмет Абдиу што може да се утврди од изјавите на останатите сослушани сведоци. Арџент Бекири бил оддалечен од местото на настанот 3 до 4 метри ,видел како Мехмет Абдиу со другите две лица тргнале накај Мухамед Сејдини, го видел замавнувањето од Мехмет и ударот со нога од неидентификуваното лице и веднаш се упатил кон местото на настанот и пристигнал до нив во моментот кога Мехмет Абдиу бил задржан од страна на лице од обезбедувањето, по што му се обратил на Мехмет Абдиу и на неидентификуваното лице со зборовите „срамота е ова што го правите„. На лицето на Муамед Сејдини забележал црвенило – траг од физички контакт како и прашина на дел од палтото на Муамед Сејдини кај слабината, траг од удар со нога (за што посведочило и лицето од обезбедување). Настанот се случил во времетраење од неполна минута. По завршување на настанот Мехмет Абдиу придружуван од уште најмалку едно лице се упатил кон излезот за трибина. По кратко време истото го направиле и Муамед Сејдини и Арџент Бекири.

Комисијата по утврдување на фактичката состојба се осврна на жалбените наводи.

- Во врска со жалбениот навод за **погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба** Комисијата не се согласува со жалителот дека одлуката е заснована на искази на сведоци кои биле сослушани пред 06.07.2016, бидејќи видно од записниците од одржаните седници на Дисциплинската комисија е дека истите освен Љиман Сулејмани се сослушани после 06.07.2016 година па според тоа и неосновани се жалбените наводи дека изјавите на сослушаните сведоци се неупотребливи.

Комисијата утврди дека сите искази освен изјавата на еден од сведоците предложен од пријавениот се дадени на записник и тоа записник од 07.07.2016 година ( Мухамед Сејдини, Нусрет Бегановиќ, Арѓент Беќири и Енвер Сулејмани) и на записник од 19.07.2016 година кога искази дале Мехмет Абдиу, Азис Зибери, Аднан Идризи и Дашмир Беари. На оваа седница е констатирано дека во предвид ќе се земе и писмената изјава на Љиман Сулејмани од 06.06.2016 година (поради службен пат не се појавил пред Комисијата) иако истата била дадена пред покренување на дисциплинската постапка од 06.07.2016 година со оглед на тоа дека истиот е сведок на пријавениот.

- Во врска со жалбениот навод дека **ниту еден од сведоците со сигурност не потврдил дека жалителот го удрил или имал физички контакт** со пријавителот, Комисијата утврди дека жалителот

не се повикува на сите искази и наводот не го темели на севкупна анализа. Истиот ги анализира изјавите на Азис Зибери, Аднан Идризи, Дашмир Беари, Нусрет Бегановиќ, Арџент Беќири и Љиман Сулејмани.

Комисијата констатира дека Азис Зибери изјавува дека не приметил ништо необично и воопшто не го споменува настанот и се однесува како да не бил присутен и покрај тоа што пријавителот и дел од сведоците тврдат дека токму тој бил во придружба на пријавениот. Аднан Идризи воопшто не бил присутен на местото на настанот.

За непосредното присуство на Дашмир Беари во времето на случување на настанот не сведочат ни Енвер Сулејмани како директен очевидец ни Арџент Бекири иако и двајцата лично го познаваат. На неговото присуство се повикува само пријавениот сега жалителот. Самиот сведок во изјавата дадена пред првостепениот орган вели дека пристигнал последен, видел само расправија која се одвивала на блиско растојание и го видел Енвер Сулејмани између жалителот и пријавителот.

Комисијата констатира дека Дашмир Беари не бил присутен во моментот на физичкиот напад туку пристигнал по неговото завршување во моментот кога Енвер Сулејмани веќе се наоѓал помеѓу Муамед Сејдини и Мехмет Абдиу и откако Мехмет Абдиу бил задржан од страна на лицето од обезбедувањето.

Комисијата при анализа на доказите ја имаше во предвид и писмената изјава дека немало никаков физички контакт дадена од страна на Љиман Сулемани лице кое сведоците во постапката го нарекуваат Берна . Истиот изјавува дека Енвер Сулејмани притрчал заедно со Арѓент Беќири за да спречи евентуално кошкање.

Комисијата оцени дека ваквиот исказ не соодветствува со утврдената фактичка состојба, бидејќи за Енвер Сулејмани неспорно е утврдено со изјави на сите останати сведоци на настанот дека се наоѓал на местото на настанот и е очевидец на сите случувања токму поради неговото непосредно присуство и никако не можел да притрча заедно со Арѓент Беќири кој бил оддалечен.

Арѓент Беќири во изјавата тврди дека видел замавнување од страна на пријавениот, црвенило на лицето на пријавителот и удар со нога од неидентификуваното лице. Исказот за неговото присуство и начинот на кој тој интервенирал е потврден со искази од сите сведоци , отстапува само изјавата на жалителот кој наведува дека тој бил лицето кое го држело од зад грб а фактите укажуваат дека бил задржан од лице од обезбедувањето.

Комисијата посебно ја ценеше изјавата на лицето од обезбедување кое не сведочи за тоа кое лице нападнало, бидејќи удар не видел, туку согласно дадената ситуација интервенирал и го повлекол наназад токму Мехмет Абдиу а не друго присутно лице .

Тоа на што жалителот во овој жалбен навод не се повикува е изјавата на Енвер Сулејмани кој бил непосредно присутен и тврди дека го видел ударот со рака во пределот на лицето зададен од страна на жалителот и ударот со нога од страна на неидентификуваното лице. Жалителот изјавата ја релативизира и дискредитира и во недостаток на

аргументација наведува дека е дадена поради пријателските односи со пријавителот.
Комисијата ценејќи ги сите искази поединечно и заедно неспорно утврди дека сведокот Енвер Сулејмани директно потврдил дека физичкиот напад се случил; сведокот Арѓент Беќири сведочи дека видел последици од физички контакт за кој Енвер Сулејмани тврди дека го видел; дека реакцијата на лицето од обезбедување покажала дека и покрај тоа што истиот немал целосен увид во настанот однесувањето на Мехмет Абдиу го проценил како извор од каде доаѓа опасност.

- Во врска со жалбениот навод во кој жалителот смета дека првостепениот орган во одлуката тргнал од тоа дека жалителот не успеал да докаже дека не е крив а би требало да е обратно и да важи **презумпцијата на невиност**, оваа Комисија од исказите на сведоците утврди дека првостепениот орган ја имал во предвид презумпцијата на невиност и во ниеден момент не се поставил во улога на обвинител. Товарот на докажување бил на пријавителот кој успеал да докаже дека жалителот го сторил дисциплинскиот прекршок за кој го пријавува.

- Комисијата го разгледа и жалбениот навод дека првостепениот орган при одлучување го немал во предвид **однесувањето при соочувањето** помеѓу сега жалителот и пријавителот како и дека немало писмен доказ, медицински извештај за настанати белези, промени на лицето и телото на пријавителот па не е можно некој да е физички нападнат, истепан а да нема нарушување на меките ткива и кожата на местата каде што е дејствувано со сила.
Комисијата утврди дека по барање на жалителот првостепениот орган направил соочување но истото морал да го прекине поради тоа што прераснало во вербална расправија. Оваа Комисија го ценеше излагањето на жалителот поврзан со „гледање во очи" но констатира дека е субјективен и покрај останатите изведени докази во постапката е и безпредметен. За физичкиот напад определен во рамките и со одредбите на ДП на ФФМ не е утврдено неопходност или задолжителност да се докажува со медицински белешки бидејќи истиот, правилникот го третира како дисциплински прекршок а не кривично дело дотолку повеќе што предвидува дисциплинска мерка и за обидот за физички напад за што не може да се добие медицинска белешка.

- Во врска со жалбеното излагање **дека физички напад немало** и дека истиот е измислен со цел да се наштети на угледот на жалителот, Комисијата констатира дека утврдената фактичка состојба укажува на спротивното и дека првостепениот орган правилно ги ценел исказите на сведоците дадени во постапката и правилно ја утврдил фактичката состојба.

- Во врска со жалбените наводи дека жалбата **не содржи правна поука** која би ги упатила странките во постапката на органот и правното

средство кое им стои на располагање Комисијата најде дека и покрај тоа што одлуката не содржи правна поука , полномошникот на жалителот вложил жалба, истата не е отфрлена и не му е повредено правото на користење на правен лек. Дотолку повеќе што жалбата е вложена од полномошник кој е адвокат и не е неука странка.

- Комисијата го најде за неоснован жалбениот навод дека одлуката е **нејасна и противречна** бидејќи на пријавениот му се изрекува казна а не е одлучено дали тој е виновен или не за прекршокот кој му се става на товар односно не е утврдено постоење на вина. Согласно член 47 ст.2 од ДП на ФФМ не постои императивна норма во која прво би се констатирало и утврдило вина а потоа би се утврдила казна туку стои : „Фудбалски работник кој физички ќе нападне функционер на фудбалска организација, службено лице на натпревар ќе се казни со забрана на вршење на функција во траење од 1 до 2 години", што е и направено со предметната одлука, изречена е мерката од член 47 став 2 од ДП на ФФМ.

- Во врска со наводот дека **одлуката е нејасна** бидејќи не е наведено на која функција се однесува забраната, Комисијата укажува дека непосочувањето на која функција се однесува забраната значи дека се мисли на секоја функција која што може да се извршува во секој организационен облик во структурата на ФФМ.

**- Комисијата се осврна на жалбениот навод дека било повредено правото на одбрана** и **не е запазена процедурата и постапката предвидена со член 125 став 1 од ДП на ФФМ**, дека жалителот во својство на пријавен не бил повикан и сослушан како органот би можел да одлучи за покренување на постапката и за тоа да донесе формална одлука. Жалителот смета дека и правото на одбрана му е повредено со тоа што рокот за произнесување бил многу краток.

Во врска со овој навод Комисијата најде за потребно да ја утврди хронологијата на постапувањето. При тоа утврди дека по пријавата е донесена одлука за покренување на постапка на 03.06.2016 година, пријавениот доставил писмена изјава до Дисциплинската комисија на 06.06.2016 година и истиот е сослушан и на седница одржана на 01.07.2016 година. По приговорот ставен од страна на пријавениот за составот на комисијата на седницата одржана на 01.07.2016 година, Дисциплинската комисија на седницата на **06.07.2016** година во изменет состав го усвоила делумно приговорот и се произнела со друга одлука за поведување на дисциплинска постапка. На седница одржана на 07.07.2016 година го повикала и сослушала пријавителот, сведоците кои ги предложил и лицето од обезбедување. Дисциплинската комисија го повикала пријавениот да присуствува на седницата одржана на 13.07.2016 година го известила за делумно усвоениот приговор, му ја врачила одлуката за наново покренатата постапка од 06.07.16 година и воедно го известила во рок од три дена кој требал да истече на 16.07.16-

сабота, да се произнесе по истата. Наредната седница на Комисијата на која на дневен ред бил ставен и овој предмет била закажана и одржана на 18.07.2016 година. На седницата бил присутен само полномошникот на жалителот кој не доставил писмено произнесување на пријавениот но приговорил на преурането закажување. Дисциплинската комисија го одбила приговорот поврзан со мислењето на полномошникот на жалителот дека сабота е неработен ден. И покрај неизјаснувањето во зададениот рок првостепениот орган повторно му дал можност на пријавениот да се изјасни и закажал седница на 19.07.2016 година. На оваа седница бил сослушан пријавениот и предложените сведоци од негова страна: Азис Зибери, Аднан Идризи и Дашмир Беари а била земена во предвид и писмената изјава на Љиман Сулејмани дадена на 06.06.2016 година. На оваа седница е извршено и соочување.

По утврдување на хронологијата на постапката и постапувањето поврзано со сослушување на инволвираните страни и предложените сведоци, оваа Комисија:

- констатира дека **жалбениот навод дека правото на одбрана е повредено со тоа што рокот за произнесување бил многу краток** (Смета дека правото на одбрана се прекршува и кога роковите за негово сослушување се наметнати на начин на кој нема доволно време за подготовка на одбрана.) е безпредметен, дотолку повеќе што Дисциплинската комисија и покрај пропуштањето пријавениот да се изјасни во зададениот рок од три дена повторно му ја дала можноста да се изјасни и закажала состанок на 19.07.2016 година .

- Оваа Комисија утврди дека жалбениот навод за **повреда на правото за одбрана** поради незапазување на процедурата и постапката од член 125 став 1 од ДП на ФФМ е целосно неоснован, пријавениот е сослушан, прифатени се и сослушани сите предложени сведоци, извршено е и соочување по негово барање, продолжен му е и рокот за изјаснување кој бил истечен, како и дека **одредбите од член 125 став 1 од ДП на ФФМ** на кој жалителот се повикува и покрај тоа што е сослушан и пред и по отпочнување на постапката од 06.07.2016 г. се неприменливи во постапка која не е поврзана со фудбалската игра.

Имено во став 1 кој гласи:

„По утврдувањето на надлежноста дисциплинскиот орган го повикува и сослушува сторителот на прекршокот како би можел да одлучи за покренување на дисциплинската постапка и за тоа да донесе формална одлука.

во став 2 кој гласи:

Ако сторителот на прекршокот не живее во местото, односно седиштето на дисциплинскиот орган тогаш сослушувањето ќе се изврши преку фудбалското раководство во тоа место или преку клубот.

во став 3 кој гласи:

Ако станува збор за исклучен играч, тој е должен по завршување на натпреварот да се јави на делегатот поради сослушување.

Цитираните одредби имаат третман на посебни одредби и се однесуваат на иницирање на постапка поврзана со фудбалската игра

каде има претходно постапување од страна на арбитар кој пресудил дека пријавениот е сторител на прекршок и се однесува на учесниците во фудбалската игра и службените лица на натпревар.
Во дисциплинска постапка која не е поврзана со фудбалската игра, утврдувањето на сторителот на прекршокот и сторувањето на прекршокот се врши со истата одлука со која се изрекува и дисциплинската мерка.
- Комисијата го разгледа жалбениот навод со кој жалителот наведува дека во првостепената одлука **не била дадена правна квалификација** на прекршокот за кој се товари пријавениот, квалификацијата била општа , односно дека се товари за физички напад без да се наведе на која одредба од Дисциплинскиот правилник се однесува со оглед на фактот дека има пет одредби кои имаат различни кавлификации на прекршокот физички напад.
По извршениот увид во одлуката со која е изречена дисциплинската мерка бр.0801-784/6-2 од 21.07.2016 година оваа Комисија утврди дека во преамбулата на одлуката е наведено:
„ за сторен прекршок физички напад, по член 47 став 2 од ДП на ФФМ"
а во изреката стои:
„поради физички напад на функционер на фудбалска организација"
што овој жалбен навод го прави целосно неоснован.

- Во врска со жалбениот навод дека **постапката била поведена од неовластено лице**, односно дека подносителот на пријавата не влегува во ниту една категорија на лица овластени за поднесување на пријава по член 121 од ДП на ФФМ ,Комисијата укажува на фактот дека секој член на Управен одбор на фудбалска организација се смета за фудбалско раководство и не постои никаква дилема во однос на правото за поведување на дисциплинска постапка бидејќи во овој случај апсолутно е неприменливо начелото „in dubio pro reo" кое може да се однесува единствено на сомнеж за постоење или непостоење на вина.
Поради наведеното жалбениот навод дека пријавата е поднесена од неовластено лице е сосема неоснован.

- Жалителот во жалбата наведува дека во текот на постапката бил истакнат **приговор за присуство на лица** кои не се членови на комисијата а кои одлучуваат наместо и во име на комисијата. Смета дека лицето посочено како експерт лично ги носел одлуките и ги диктирал на записничарот што е спротивно на член 116 од ДП на ФФМ и член 62 од Статутот на ФФМ.
Во врска со овој навод Комисијата утврди дека истиот е неоснован. Првостепениот орган се произнел и го образложил присуството на лицата кои не биле членови на комисијата и кои никако не одлучувале во име на комисијата истото е содржано на последната страна на првостепената одлука.

- Жалителот меѓудругото истакнува дека е направена **повреда на начелото на економичност.** Во текот на постапката било поднесено барање за спојување на постапка кое било одбиено. Барањето се однесувало на спојување на постапката која била во тек против жалителот и пријава која жалителот ја поднел против пријавувачот.
Барањето кое било врачено на самата седница било одбиено а првостепениот орган предочил дека има процедура за доставување на предмети и списи.
Оваа Комисија укажува на фактот дека за да дојде до спојување на постапките прво треба да се донесе одлука дали ќе се прифати или ќе се отфрли пријавата како и дека одлуката за спојување на постапки е дискреционо право на самиот орган.
Со оглед на поодминатата фаза во која се наоѓало постапувањето а предметната пријава не била ни на дневен ред за да може да се утврди нејзината основаност, првостепениот орган правилно постапил и со неговото постапување не го повредил начелото на економичност, напротив не дозволил оддолжување на постапката во тек.

- Во врска со наводот дека во **одлуката нема образложение за истакнатите процесни приговори како и за решителни факти** зошто се одлучиле да го казнат кога не го огласиле за виновен, Комисијата утврди дека првостепениот орган на последните две страни од одлуката се огласил по поднесените процесни приговори а по тие што не се огласил не влијаеле на донесувањето на одлуката бидејќи истата се темели на решителни факти прибавени преку сослушување на сведоци а утврдени во фактичката состојба.

Земајќи го во предвид погоренаведеното а согласно член 145 став 1, алинеа 1 од ДП на ФФМ, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,

Мите Левков

доставено до:
- подносител/полномошник/
- Макфудбал
- архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секој СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална ба нка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

ТЕЛЕФОН 02/3204-470 ТЕЛЕФАКС 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**